РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2697/9
02.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.06.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Емилија Јаневска, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.05.2024 година.
2. Предлог за усвојување на Упатството за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.
3. Предлог за усвојување на Правилникот за пристапност до медиумските услуги.
4. Нацрт-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за емитување на европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти.
5. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ.

6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Биро за превод.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски рече дека ќе даде еден општ вовед за сите три предложени Правилници, додека подетални образложенија ќе дадат раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска и раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева. Објасни дека со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 31 декември 2018 година, во преодните и завршни одредби стои дека сите нови подзаконски акти ќе ги носи новиот состав на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Дополнително е побарано мислење од тогашниот министер Дамјан Манчевски, кој што образложил дека постојните подзаконски акти можат да се менуваат согласно тогашните измени на Законот. Но, со претпоследните измени во јули 2023 година, заради усогласување со европската директива, треба да бидат изработени неколку нови правилници и неколку да бидат изменети. Меѓутоа, наспроти преодните и завршните одредби од 2018 година, во ланските измени од месец јули е точно утврден рокот во кој што овој состав на Советот на Агенцијата треба да ги донесе, што е контрадикторно со првичните измени. Бидејќи се тоа преодни и завршни одредби, од тогаш имаше повеќе измени, и во оваа претпоследна измена е точно наведен рокот во кој што Советот треба да ги донесе подзаконските акти, кои што се изработуваат во соработка со твининг проектот финансиран од Европската комисија и се однесува и за Јавниот сервис и за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече дека директорот дал општ вовед за Точките 2, 3 и 4, и ги замоли раководителките Емилија Јаневска и Магдалена Давидовска Довлева да ги објаснат точките една по една бидејќи се значајни и дека е потребно време за секоја информација која ќе ја кажат да се процесира.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека со измените на ЗААВМУ од 2023 година има потреба да се измени и Упатството за примена на одредбите за пласирање на производи. Со законските измени беа направени суштински промени во примената на овој вид на комерцијална

комуникација. Имено, претходно користењето пласирање производи како комерцијална комуникација беше генерално забрането на програмите на радиодифузерите, исклучок беа неколку програми, а сега со новите измени таа практика е генерално дозволена во сите видови програми, сега исклучок се само пет вида на програми. Инаку, начинот на примена на одредбите, принципите што треба да се почитуваат се исти, ново е тоа што одредбата, освен сега за телевизии се проширува и на радијата и на платформи за споделување видеа и на давателите на услуги видео по барање, и од овие причини се направени извесни прилагодувања во ова Упатство. Нацрт-текстот на Упатството Советот го донесе на 9-та седница одржана на 12ти март 2024 година, и отворена е јавна расправа во времетраење од 90 дена. Расправата заврши на 11ти јуни, во текот на јавната расправа не пристигна ниту еден коментар или забелешка за Нацрт-текстот на Упатството. Од овие причини се предлага да се усвои Упатство со текст како што е предложено, да се задолжи Стручната служба да направи пречистен текст, а потоа да се достави до радиодифузерите и давателите на услуги на видео по барање и да се објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски рече дека со неговата дискусија ќе се надоврзе на она што го кажал директорот Трајчевски. Се согласи дека како Совет треба да ги донесат овие подзаконски акти. Медиумското опкружување, динамиката како тоа се менува со тек на времето, ингеренциите што ги има Советот на Агенцијата, прецизирањето на некои работи можеби ќе бараат и подетални законски измени, и апсолутно смета дека е потребно да се биде во чекор со времето, затоа што не се знае кога ќе биде избран новиот состав на Советот и нема да чекаат тоа така да го остават. Инаку што се однесува конкретно за оваа точка, се сеќава дека присуствувал со уште неколкумина од Агенцијата, меѓу кои и директорот Трајчевски, на дебата во европската куќа, кога беше најавено дека 90 дена ќе трае расправата, дека тогаш имаше некои интересни дискусии, меѓутоа жали што тие дискусии не се префрлиле во писмени предлози, сугестии, односно се остана само на тие дискусии на некои од присутните.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за измена и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Упатството за измена и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, а Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот да го достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање и да се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека со измените на Законот од 2023-та година направена е промена и во членот 26 кој се однесува на обврските за медиумска писменост и обезбедување пристапност за лицата со попреченост. Направена е суштинска измена во законската одредба, односно од препорака за медиумите да ги направат програмите пристапни тие сега имаат законска обврска да ги направат програмите пристапни за лицата со

попреченост, оттаму и потреба да се донесе нов акт. Значи ова е нов Правилник за да се разработат одредбите од членот 26. Потсети дека Правилникот го работеле во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)" кој што е финансиран од Советот на Европа и Европската унија, во соработка со консултантката кој што беше ангажирана г-ѓа Деирдре Кевин. Овој Нацрт-акт беше усвоен на 9-та седница на Советот одржана на 12 март 2024г и за него се водеше јавна расправа од 90 дена која траеше до 10 јуни каде што не стигна ниту еден коментар или предлог. Оттаму предложи Советот да го усвои предложениот Правилник за пристапност до медиумските услуги кој потоа ќе се објави на веб страницата на Агенцијата и ќе се прати до радиодифузерите и до давателите на услугите видео по барање.

Г-дин Фиданоски во однос на овој Правилник рече, додека беше препорака за радиодифузерите да обезбедат програми за пристапност, таа тешко се реализираше, ова не е критика кон медиумите, меѓутоа последниот изборен период покажа, дека кога станува збор за обврска, иако веројатно не им е едноставно, може да ја реализираат. Искрено се надева дека ова ќе биде успешно имплементирано и овие 2% ќе бидат уште повеќе како егзактна бројка во исполнувањето на тој процент на програма адаптирана за лицата со попреченост.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека 2% е обврската за каталозите за услугите за видео по барање, инаку за радиодифузерите, односно обврската е само за телевизиите на национално ниво да обезбедат по една програма на годишно ниво и континуирано и прогресивно секоја година да го зголемуваат обемот за една програма. Со Правилникот не се задолжуваат радиодифузерите на регионално и локално ниво, затоа што сметаат дека тоа би било преголема обврска за нивни капацитети, значи за нив е оставена можност да емитуваат програми што ќе бидат обезбедени од радиодифузерите на национално ниво доколку се заинтересирани и да искористат други начини за да обезбедат видливост на лицата со попреченост во нивната вкупна програма.

Г-дин Фиданоски се заблагодари за корекцијата и посочи дека ненамерен е превидот направен од негова страна.

Г-дин Петрушевски праша дали непочитувањето на овој Правилник носи некои парични казни и дали се пристигнати забелешки за Правилникот?

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска посочи дека и за овој Правилник ќе се постапува исто како и за другите одредби, опомена потоа прекршочна постапка согласно Законот. Во однос на забелешките рече дека Правилникот е прилично либерален, дека многу мали се обврските за радиодифузерите во Правилникот, и најверојатно од тие причини не се пристигнати забелешки. Како што кажал и советникот Фиданоски изборната кампања покажа дека тие можат да ја исполнуваат обврската, за време на изборите обезбедуваа пристапност на лицата со попреченост на две програми, на дневно ниво обезбедуваа пристапност на едно издание на вести, а на национално ниво обезбедуваа по една информативна програма. Верува дека нема да претставува проблем по една програма на годишно ниво да направат пристапност за лицата со попреченост.

Г-дин Трајчев рече дека овој Правилник е еден голем исчекор во однос на помош на лицата со попреченост, затоа што денес, во денешното време каде што

информациите се основа за било каков развој, информирање и делување во општеството, на сите нив им се овозможува да дојдат до информации. Смета дека на тој начин се прави еден исчекор и еден притисок понатака радиодифузерите, во некој понатамошен период, целокупните програми да ги адаптираат на овие лица, кои што за жал се во една понеповолна позиција од сите други луѓе и треба да им се овозможи пристап до информациите кои што сите ние ги имаме, посебно во денешното време каде што без информираност и без достапност на информации тешко може да се функционира.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за пристапност до медиумските услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, усвоениот Правилник за пристапност до медиумските услуги да го објави на веб страницата на Агенцијата и да го достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторските права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека потребата од измена на Правилникот за емитување на европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти произлегла од членот 60 од Законот, со кој што е утврдена обврска за Агенцијата да ги пропише начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европските дела во каталогот на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Наведе дека измените се изработени во соработка со експерти од проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“, со германски и експерти од Хрватска. Станува збор за Нацрт верзија, со отворање на јавна расправа која ќе трае 75 дена. Се очекува во наредните 75 дена да се добијат мислења и забелешки пред се затоа што секторот со постојните даватели има многу добра соработка и комуникација и се очекува од нив навистина да се вклучат во расправата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Нацрт-правилникот за измена и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, да го објави на веб-страницата на Агенцијата со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 75 дена, односно да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Нацрт-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, да го достави до давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ. Објасни дека кај овој оператор на јавна комуникациска мрежа со контролен надзор е констатирано дека не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ. Бидејќи ова е второто констатирано прекршувањето во оваа календарска година, се предлага да се започне постапка пред надлежниот суд за изрекување на соодветна глоба.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2637/1 од 04.06.2024 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски објасни дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје достави Изјава доброволно да престане со емитување на програма и да ја врати дозволата за телевизиско емитување. Во комуникација со него, бидејќи сега е периодот за да го плати годишниот надоместок, рече дека е подготвен да ги плати сите трошоци до денот на одржување на седницата односно додека Советот не го донесе Решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје . Наведе дека оваа точка е поврзана со точката од претходната јавна седница и е формална, бидејќи радиодифузерот самиот се откажува од дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радиодифузија Телевизија 3 ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на

постапка за јавна набавка – услуга: Биро за превод. Објасни дека за спроведување на оваа набавка се исполнети законските обврски, таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година и соодветно ќе се обезбедат во Финансискиот план за 2025 година, бидејќи договорот што ќе произлезе од спроведување на оваа набавка ќе се склучи за период од две години. Според висината на проценетите средства оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки за овој вид постапка што значи дека ќе се објави и на електронскиот систем на јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Биро за превод.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Биро за превод, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025та година.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи. Објасни дека за спроведување на оваа набавка се исполнети законските обврски, таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година и соодветно ќе се обезбедат во Финансискиот план за 2025 година, бидејќи договорот што ќе произлезе од спроведување на оваа набавка ќе се склучи за период од две години. Според висината на проценетите средства оваа набавка ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, со објавување на електронскиот систем за јавни набавки и Службен весник на Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски рече дека како Претседател на Советот има можност да ги користи услугите на овој систем за кој рече дека е квалитетно направен, едноставен за користење и пред се ја намалува употребата на хартија во Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025та година

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**